| **Средби и консултации со стручни лица надвор од училиштето** | Да се добие дополнителна стручна помош и поддршка. Да се разменуваат искуства и идеи, како и соработка во активности по определени содржини. | Средби, договарања, консултации и др. | УИТ | Унапредување на инклузивното образование и на воспитно-образовниот процес. | Континуирано (во текот на целата учебна година) |
| **Извештај за работата на УИТ** | Да се сумира реализацијата на активностите и ефектите од работата на УИТ и на инклузивното образовние во училиштето. | Самоевалвација на инклузивноста на училиштето и работењето на УИТ на почетокот и на крајот на учебната година. Финализирање на инклузивното училишно портфолио за учебната година. | УИТ | Документирана е работата на УИТ. Направена е анализа на работата на УИТ . Формулирани се предлози за работа за наредната година. | IX<br>VI |

## Акциски план на училишниот инклузивен тим:

| **ЗАДАЧА** | **АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **НОСИТЕЛ** | **РЕСУРСИ и ИНСТРУМЕНТИ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Операционализација на политиката за работа со ученици со посебни образовни потреби и емоционални тешкотии. | Изработка на годишна програма за работа и акционен план. | VII и IX | УИТ | Насоки за изработка на годишна програма за работа на училиштето. | Во програмите за работа се вклучени активности за инклузивно образова- ние. | Член од УИТ. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација на ученици со ПОП | Разговори со наставни- ци и родители за идентифика-ција на учениците со ПОП запишани во I одделение. | IX | Наставници УИТ | Дијалог, процедура за следење и изработка на ИОП. . | Евиденција на ученици со по- себни образовни потреби и изградена соодветна стратегија за работа со нив. | Член од УИТ |
| Запознавање на предметните на- ставници со учениците со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава | Размена на искуства меѓу одделенските и предметните наставници за работата со овие ученици | IX | Стручни соработницио дделенски наставници од V одд., предметни наставници од VI одд. | Дискусија. Евидентен лист за следење, досие на уче- ник. | Соодветна при- фатеност на уче- ниците со ПОП што преминува- ат во VI одд. | Член од УИТ |
| Изготвување на индивидуален образовен план | Ревидирање на ИОП (форма, содржина...). Изготвување на ИОП (долгорочен, среднорочен, дневно планирање на диференцирани цели). Изготвување на ИОП за учениците со ПОП од прво одделение. | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручни соработици родители | Годишна про- грама за соод- ветното одде- ление. Наоди и ми- слење од соодветни институции Формулар за ИОП. | Успешно. прилагодена наставна програма за учениците со ПОП. | Член од УИТ |
| Континуирана по- ддршка на учениците со ПОП | Консултати-вни разговори на стручните соработници со одд. наставници, раководители и родители. Советодавно-консултативна работа со учениците со емоционални тешкотии и посебни потреби. | Во текот на учебната година | Стручни соработници, одделенски наставници одделенски раководители родители, ученици. | Консултативн о-советодавна работа ЦСР Досие на уче- ник со ПОП. | Подобрување на постигањата. Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заед- ница. Зајакнување на родителските вештини и капа- цитети. | Член од УИТ |
| Следење на актив- ностите и постигањата на учениците со ПОП | Евиденција за успехот, редовноста и однесу- вањето на учениците со ПОП Ревидирање на ИОП | Квартално и тековно | Тим за откривање и грижа за ученици со ПОП, стручни соработници одделенски наставнициодд еленски раководители | Евидентни листови за следење, оценување | Процена на по- стигањата. Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички актив- ности. | Член од УИТ |
| Обезбедување поддршка од соучениците | Советодавно-консултатив- ни разговори со одделенските наставници и раководители со одделение- то, ученичката заедница, родителите. | Во текот на учебната година | Стручни соработници одделенски наставници одделенски раководители предметни наставници родители, ученици. | Консултативн о-советодавна работа, ЦСР Досие на уче- ник со ПОП. | Подобрување на постигањата и на социјализа- цијата на учени- ци со ПОП. | Член од УИТ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП | Разговори со учениците. Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби. Тестови. | XI | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители предметни наставници, родители. | Консултатвно - советодавна работа. Соц. Тест (Мо- рено), Ханес тест. | Развивање на самодоверба и самопочитува-ње кај овие ученици. | Член од УИТ |
| Подобрување на инклузивната практика | Инструктивна работа со на-ставници. | Во текот на учебната година | Стручни со-работници, наставници. | Консултатив-но-советодавна работа. | Постигање на планираните цели во воспит-но-образовниот процес на де-цата со посебни потреби. | Член од УИТ |

## 8.14 Туторска поддршка на учениците

Доколку се утврди потреба од туторска поддршка на ученик/ци, по одредени предмети, училиштето по добиена писмена согласност од родител, ќе се обрати до Министерството за образование, за добивање на потребната поддршка.

## 8.15 План на образовниот медијатор

До сега училиштето немало потреба од ангажирање на образовен медијатор. Доколку се утврди потреба од него, училиштето ќе се обрати до Министерството за образование.

# 9. ВОННАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Воннаставните активности претставуваат значаен дел од воспитно-образовниот процес што ги создава потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Ангажирањето во воннаставните активности им овозможува на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и придонесува за подигање на мотивацијата на учениците за постигање повисок училишен успех.

**Цели:**

Основна цел на воннаставните активности е да овозможат стекнување на занаења, вештини и вредности/ ставови зацртани со Националните стандарди за основното образование, со посебен акцент врз занаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост.

Во планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности училиштето ќе се води од следниве начела/принципи:

- Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците;
- Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни;
- Воннаставните активности се привлечни за повеќето ученици;
- Воннаставните активности обезбедуваат активно учество на учениците;
- Секогаш кога е можно, воннаставните активности развиваат интеркултурни компетенции кај учениците;
- Воннаставните активности ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница;

Во училиштето се реализираат повеќе видови воннаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

## 9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб е основан под името „Кузмановци“ , а одговорен наставник е професор по физичко и здравствено образование Зорица Станоевска. Начинот на финансирање на клубот е преку спонзоства и донации на физички и правни лица како и доброволни прилози. Клубот преку своите активности ќе ги релизира следните цели:

- *Педагошки*
  - Формирање на здрави личности со јасни цели и спортски живот.
- *Социолошки*
  - Создавање на спортисти кои ќе се вклопат во спортската и социјалната средина.
- *Здравствени*
  - Усвојување на хигиенски навики и грижа за правилен психофизички развој.
- *Спортски*
  - Едукација на здрави спортисти кои ќе ги совладуваат техниките од индивидуалните и колективните спортови, подобрување на психофизичките способности и постигнување на спортски резултати.

***ПЛАН ЗА РАБОТА***

- Активности кои се планираат во текот на годината:
  - Работа со ученици од I-IX-то одделение;
  - Тренинзи (2 пати неделно);
  - Лекарски преглед ( 2 пати во годината);
  - Натпревари;
  - Состанок со играчите (1 неделно);
  - Состанок со колегите тренери (1 неделно);
  - Состанок со родителите (2-3 пати во годината);
  - Теоретски предавања (правила во одредени спортови, исхрана на спортистите, хигиена, режим на живот и др.);
  - Организирање на летен и зимски камп;
  - Соработка со клубовите во регионот, државата и на меѓународно ниво.

Планот за работа на спортските секции се состои од различни видови на подготовка со своите содржини, методи на работа, обемот на оптоварување, средства за контрола на реализираната работа како и други содржини.

- Селекција според возраст;
- Физичка подготовка;
- Техничка подготовка;
- Тактичка подготовка;
- Психо-социолошка подготовка и образование.

Напомена: Секој одговорен наставник-тренер по спорт, ќе работи според изготвен план и програма за работа по возрасни категории.

***СЕКЦИИ-ТРЕНЕРИ ПО СПОРТОВИ***:

1. *Атлетика-Проф.Зорица Станоевска*
2. *Одбојка-Проф.Зорица Станоевска*
3. *Кошарка – Проф.Зорица Станоевска и Проф.Дијана Гјоргијеска*
4. *Фудбал-Проф.Дијана Гјоргијеска*
5. *Ракомет - Проф. Дијана Гјоргијеска*

- Распоред на тренинзи по спортови-секции:

| Ред. Број | Спортски секции | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Атлетика | / | 14:00-15:00 | / | 14:00-15:00 | / |
| 2. | Одбојка | / | | 16:00-1700 | | 16:00-17:00 |
| 3. | Кошарка | 16:00-17:00/ | | / | 16:00-17:00 | / |
| 4. | Фудбал | | 17:00-18:00 | | / | 17:00-18:00 |
| 5. | Ракомет | 17:00-18:00 | / | 17:00-18:00 | / | / |

## 9.2 Секции / Клубови

### Секции /Клубови во одделенска настава

| Ред. Број | **Назив на секцијата** | **Одговорен наставник/одговорни наставници за реализација на секцијата** | **Главни знаења, вештини и ставови/вредности што треба да се стекнат преку учество во секцијата** | **Временска рамка и број на часови за реализација на секцијата** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Ритмичко-балетска Драмско-рецитаторска Ликовна секција** | Кика Сојанова<br>Билјана Младеновиќ<br>Билјана Балева<br>Светлана Симоновска<br>Јасмина Велевска<br>III-1,2,3 | - да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот и<br>- да се создаваат навики за правилно користење на слободното време | Септември-јуни<br>36 часа |
| 2. | **Краткотрајни воннаставни активности- АКЦИИ** | Кети Темелковска Мартина Симоновска | Јакнење на оптшествената одговорност.<br>Развој на самодовербата.<br>Интерперсонална комуникација и почитување на другите.Оспособување за групно одлучување | 20 работилници, 10 излети и 6 посети на институции. |
| 3. | **Ликовна секција** | Сузана Величковска<br>Наташа Трајковска | Да се поттикнува креативноста кај учениците | 36 часа |
| 4. | **Ликовна секција** | Бојана Стојчевска<br>Сандра Панајотовиќ<br>Драга Дамчевска<br>Елена Стамболиска<br>IV1<br>IV2 | да се развие интерес, фантазија и креативни како и да се почитува сопственоит начин на изразување | Септември-јуни<br>36 часа |
| 5. | **Ликовна секција** | Александра Ќурчиевска | да се оспособува за групна работа, меѓусебно разбирање и соработка | Септември- јуни 36 часа |
| 6. | **Секција по англиски јазик” English Club** | Анастасија Гоговска | Негување на ликови од англиската и американската историја | септември-јуни 36 часа |
| 7. | **Забавно-рекреативна секција „Игри без граници** | одделенските наставници на I³, III³, IV³,V³ и ПП | стекнување вештини за физичкото и менталното здравје; | ноември – април еднаш неделно, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **Комуникација со деца со оштетен слух и говор** | Викторија Смилевска и одделенските наставници на I³, III³, IV³,V³ | -Стекнување комуникација преку учење на македонскиот знаковен јазик | ноември – април еднаш неделно |
| 9. | **Новинарска** | Винета Радовиќ Мирческа<br>Валентина Србиновска<br>2-3 одд<br>Родител: Сашо Савески | Стекнување на знаења за интервју, фотографија и монтажа<br>Оспособување за пишување краток извештај | Септември 2020- јуни 2021<br><br>6 часа |
| 10. | **Спортско-рекреативна** | Винета Радовиќ Мирческа<br><br>Валентина Србиновска<br>2-3 одд | Развивање на фер плеј односи во игровни активности | Септември 2020- јуни 2021<br>6 часа |
| 11. | **Ликовна секција** | Винета Радовиќ Мирческа<br><br>Валентина Србиновска<br><br>2-3одд | Да научат да применуваат разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување; | Септември 2020- јуни 2021<br>6 часа |
| 12. | **Ритмичко балетска секција** | Даница Георгиевска<br>5/3 | ,<br>- да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот и | Септември 2020 - јуни2021<br>36 часа |
| 13. | **Ликовна Секција** | Мими Арсова<br>Меропи Ѓоргиевска<br>II –1 и 2<br>( Вилма Лазареска Трајкова,<br>Марија Колева | Умее творечки да користи различни материјали, да ги комбинира и составува во ликовна целина. | Септември 2020 - јуни2021<br>36 часа |
| 14. | **Ритмичко балетска секција** | Мими Арсова<br>Меропи Ѓоргиевска<br>II –1 и 2<br>Вилма Лазареска Трајкова,<br>Марија Колева | Да можат да стекнат самодоверба во сопственото музичко изразување | Септември 2020 - јуни2021<br>36 часа |
| 15. | **Ритмичко музичка активност** | Живка Тричковска<br>1/3 одд | Спознавање на основните музички активности,пеење,свирење на ДМИ,како и слушање музика. | Септември 2020 - јуни2021<br>36 часа |
| 16. | **Спортско рекреативни активности** | Живка Тричковска<br>1/3 одд | Спортските активности се составен дел од благосостојбата на целокупниот живот на ученикот.<br>Развивање на физичките активности низ спортски игри | Септември 2020 - јуни2021<br>36 часа |

## Секции /Клубови во предметна настава

| Ред. Број | Назив на секцијата | Одговорен наставник/одговорни наставници за реализација на секцијата | Главни знаења, вештини и ставови/вредности што треба да се стекнат преку учество во секцијата | Временска рамка и број на часови за реализација на секцијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Драмско-рецитаторска секција | Татјана Нанкова | Правилно говорење, примена на граматички и јазични правила, изразување, развивање на дикција, збогатување на речник и развој на правилна комуникација | септември - мај (по еден час неделно)<br>36 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Литературна секција "Никулци" | Елизабета Камческа | Да се подобрат литературните вештини, да се научи за пишаниот збор и да се развијат вештини за пишување | септември-мај(по еден час неделно)<br>36 |
| 3. | English club<br>Англиски клуб | Лилјана Данилов | Учениците да стекнат конкретни искуства да знаења, вештини и ставови | септември -<br>мај<br>36 |
| 4. | Англиска секција | Анита Јовановска | Се очекува учесниците да се стеканат со знаења, вештини и вредност/ставови зацртани со целите на секцијата | септември – мај<br>36 |
| 5. | English club<br>Англиски клуб | Павлина Урдаревска | Се очекува учесниците да се стекнат со знаења, вештини и вредност/ставови зацртани со целите на секцијата | септември - мај<br>36 |
| 6. | Клуб на ентузијасти германисти „Schmetterling" („Пеперутка") | Гордана Ристеска | Учениците да подобрат: Личен и социјален развој, Уметничко изразување, култура и мултикултура, Дигитална писменост. | 36 часа |
| 7. | | Надица Христова | | |
| 8. | Математичка секција | Стојан Владимиров | Практично применување на математичките правила во сложени математички проблеми | септември- јуни |
| 9. | Историска секција | Дончо Лозановски | Да ги подобрат знаењата за историјата и културата на сопствениот народ и другите народи во земјата, во регионот и пошироко; | септември - мај<br>36 |
| 10. | Дебатен клуб | Гордана Плетварска-Трајчевска | ;да ја развиваат самодовербата и сопствениот идентитет;<br>да се оспособат за истражување и аргументирано заклучување; | септември - мај<br>36 |
| 11. | Географска секција | Наумка Тунтевска | .Развивање на истражувачки способности и вештини | септември –мај<br>36 |
| 12. | Млади биолози | Катерина Љотевски | продлабочување на знаењата и способностите со посебен акцент на екологијата и влијание на човекот врз животната средина. | часови 36 |
| 13. | Сообраќајна секција | Марина Дуева | да научат каков е сообраќајот во нивната околина | март - мај(по два часа неделно) |
| 14. | Ученички Тим за Техничка Поддршка | Андреја Стојанов | Решавање на проблеми поврзани со Хардверска и Софтверска Природа | ноември- мај |
| 15. | Музичка секција | Вера Ангеловска | Се очекува учениците да се стекнат со знаења и вештини и музичка литература ( нотен запис ) | септември- декември(по 2 часа неделно) |
| 16. | Ликовна секција | Лидија Цаковиќ | Учениците ќе ги прошируваат своите познавања за ликовната уметност | септември – јуни |
| 17. | Училишен спорт | Зорица Станоевска<br>Дијана Ѓорѓиевска | Да се развиваат кондиционите и кординационите способности постигнувања во спортот. | 36 часа |
| 18. | Хемиска секција | Бинета Тодорова | да можат даа прават-анализа на решенијата и постапката на работа | септември – јуни |
| 19. | Млади физичари | Јулија Митреска | Проширени знаења и астрономијата<br>Учење преку експерименти | септември-јуни<br>36 часа |
| 20. | Комуникација | Викторија Смилевска | -Запознавање со ликовното изразување како начин на комуницирање | септември – јуни<br>еднаш неделно |

## 9.3. Акции

### Акции во училиштето или заедницата организирани во одделенска настава

| Акции | Наставници одговорни за планирање, организација и спроведување на акцијата | Ученици вклучени во акцијата(паралелки) | Глобални цели што треба да се постигнат со акцијата |
|---|---|---|---|
| Посета на ПМФ-ботаничка градина, ретки растенија | Одделенски наставник на IV³, родител на ученик од паралелката Мирко Маринковски | Ученици од IV³ | Запознавање со одгледување ретки растенија |
| Посета на гимназија Ѓорги Димитров –работилница за обработка на дрво и изработка на предмети од дрво | Одделенски наставник на IV³ родител на ученик од паралелката Ивона Гиевска | Ученици од IV³ | Запознавање со начинот на обработка на дрвото |
| Посета на фабрика за флаширање на вода за пиење | Одделенски наставник на IV³ родител на ученик од паралелката Мирко Маринковски | Ученици од IV³ | Запознавање со начинот на флаширање на вода за пиење |
| Посета на општина Кисела Вода | Одделенски наставници на IV¹ , IV² , IV³ | Ученици од IV¹ , IV² , IV³ | Запознавање со начинот на функционирање на локалната заедница |
| Хортикултурно уредување во училницата и училиштниот хол и двор ЕКО | Винета Радовиќ Мирческа<br>Валентина Србиновска<br>Живка Тричковска | 2-3одд<br>1-1 одд<br>1-2 одд<br>1-3 одд<br>1/3 одд | Развивање љубов кон природата, растенијата<br>4 часа |
| На лимонада со градоначалникот/советниците МІО | Винета Радовиќ Мирческа<br><br>Валентина Србиновска | 2-3 одд | Создавање на решенија за проблемите<br>1 час |
| ИСТРАЖУВАЧКО - ПРОЕКТНА АКТИВНОСТ<br>,,МОЕТО ЗЕЛЕНО ТОРБИЧЕ,, | Мими Арсова<br>Меропи Ѓоргиевска<br>( Вилма Лазареска Трајкова,<br>Марија Колева ) | 2-1 одд | Развивање свест за штетното влијание на пластичните кеси врз животната средина. |

### Акции во училиштето или заедницата организирани во предметна настава

| Акции | Наставници одговорни за планирање, организација и спроведување на акцијата | Ученици вклучени во акцијата (паралелки) | Глобални цели што треба да се постигнат со акцијата |
|---|---|---|---|
| Ден на гладните- хуманитарна акција<br>(собирна акција на храна) 16 октомври | Одделенски наставници, одделенски раководители<br>и стручна служба | 1-9 одделение | Учесниците да се стекнат со знаења, вештини и ставови/вредности кои се однесуваат на општествената одговорност; |
| Литературни читања во Страшо Пинџур и во училиште | Татјана Нанкова | 7-9 одделение | Негување на пишаниот збор |
| Одбележувања значајни датуми | Татјана Нанкова | 7-9 одделение | Почит кон ликот и делата за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| празници, личности кои се значајни за историјата на јазикот | | | осовременување и кодификување на македонскиот јазик |
| Посета на спомен собата на Мисирков<br>Институт за македонски јазик К.П. Мисирков | Татјана Нанкова | 9 одделение | Запознавање со ликот и делото на Крсте Петков Мисирков |
| Работилници со ФДУ, посета на драмски театар | Татјана Нанкова<br>Лиле Данилов | 7-9 одделение | негување на македонскиот стандарден јазики почит кон другите светски јазици |
| ГЛАМ -МАКЕДОНИЈА-Музеј на Македонската револуционерна борба<br>ВИКИПЕДИЈА НА МАКЕДОНИЈА | Татјана Нанкова | 7-9 одделение | Учениците да се стекнат со знаења, вештини и ставови/вредности што за мекедонската револуционерна борба |
| Посета на природно-научен музеј | Катерина Љотевски | 8 одделение | Продлабочување на знаењата за проучување на организмите од минатото |
| Посета на ботаничката градина при ПМФ Скопје | Катерина Љотевски | 7 и 9 одделение | Продлабочување на знаењата за растенијата |
| Одбележување на Светски ден на планетата Земја | Катерина Љотевски | 6-9 одделение | |
| Ден на еколошка акција-засадување цвеќе и уредување на училишниот двор 21 март | Одделенски наставници, одделенски раководители | 1-9 одделение | Учениците да се стекнат со знаења, вештини и ставови/вредности кои се однесуваат на општествената одговорност |
| Еколошка акција<br>Еко не Его<br>Eco not Ego | Лилјана Данилов | 8 и 9 одделение | Учениците да се стекнат со знаења, вештини и ставови/вредности за општествената одговорност<br>. |
| Музеј на македонската револуционерна борба<br>Википедија на Македонија | Лилјана Данилов | 8 и 9 одделение | Учениците да се стекнат со знаења, за изразување почит кон историјата |
| Посета на канцеларија на судски преведувач | Анита Јовановска | 6 и 7 одделение | Да знаат за: Демократска култура и граѓанство, |
| Посета на библиотка и книжарница OXFORD UNIVERSITY PRESS | Анита Јовановска | 6 и 7 одделение | учесниците да се стеканат со знаења и вештиниза Демократска култура и граѓанство, Личен и социјален развој и Јазична писменост |
| ЕКО - Еколошка акција | Анита Јовановска | 6 и 7 одделение | Формирање општествено одговорни ученици. |
| МИО – самостојна активнст | Анита Јовановска | 6 и 7 одделение | Се очекува учесниците да се стекнат со знаењата, за<br>меѓуетничка соработка; |
| Еколошка акција<br>Шарена планета со цвеќиња и дрвја а не со пластика | Павлина Урдаревска | Ученици од второ, трето, четврто и петто одделение | Учениците да стекнат вештини кои се однесуваат на<br>на стекнување општествената одговорност<br>. |
| Подаруваме сликовница или боенка | Павлина Урдаревска | Учениците од четврто и петто одделение | Се очекува учесниците да се стекнат со знаењата,за<br>интерперсоналната комуникација |
| Новогодишен базар | Одделенски наставници, одделенски раководители<br>и стручна служба | 1-9 одделение | Учесниците да се стекнат со знаења, вештини и ставови/вредности кои се однесуваат на општествената одговорност; |
| Одбележување на 20 ноември – Меѓународен ден на детето | Гордана Плетварска-Трајчевска | 8 и 9 одделение | да ги подобрат познавањата за правата на детето и да ја разберат потребата од заштита на детските права |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Посета на Меморијалниот центар на Холокаустот на Евреите во Македонија | Гордана Плетварска-Трајчевска | 9 одделение | Да го препознаат кршењето на човековите права **и да поттикнат акција за спроведување на правичноста** |
| Посета на Црвен Крст | Андреја Стојанов | 8 и 9 одделение | Запознавање со целите и активностите на Организацијата Црвен Крст |
| Дозволи ми да ти го разубавам денот со претстава на германски јазик | Гордана Ристеска | 6 и 7 одделение | Оваа акција треба да го доближи германскиот јазик до учениците од петто одделение |
| Посета на планетариум | Наумка Тунтевска | 6 одделение | Запознавање со вселената |
| Посета на МОБ – балет, опера, оперета, музичка приказна | Вера Ангеловска | 6-9 одделение | |
| Посета на сообраќајна крстосница и железничка станица | Марина Дуева | 5 и 6 одделение | Да ги научат сообраќајните правила и прописи кои се однесуваат на учесниците во сообраќај |
| Донирање книги за збогатување на училишната библиотека | Јулија Митревска | 9-3 одделение | Да се оспособат да бидат хумани и корисни за заедница |
| Учество во инклузивен настан Сонуваме менуваме | Вера Ангеловска Викторија Смилевска | Ученици со оштетен слух и ученици од училишниот хор | Развој на самодовербата, интерперсонална комуникација и почитување на другите |
| Посета на средното училиште Партение Зографски | Викторија Смилевска | Ученици со оштетен слух | Поттикнување на личниот развој преку запознавање на можните занимања во иднина, професионална ориентација |

# 10 . УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

*Програма за работа на ученичкиот парламент*

Во учебната 2020/2021 година ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“, ќе продолжи со реализација на проектот Имплементација на ресурсниот пакет за ученичко учество на детските права. Училишниот тим го сочинуваат:

1. Злата Анчевска – психолог
2. Вера Ангеловска – наставник по музичко образование
3. Гордана Ристеска – наставник по германски јазик

| Содржина | Цели | Реализатор | Форми | Време | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процедури за избор за претседател во одделението | Спроведување демократски избори | Психолог, наставници | групна | VIII 2020 | Информативна брошура | Практична примена на сознанијата | Записник |
| Приредба за прием на првачиња во учебната 2020/2021 година | Да се одбележи свечено почетокот на новата учебна година | Одговорни наставници, ученици | групна | IX 2020 | Приредба, сценографија, разглас | Развивање на позитивен однос на првачињата кон училиштето и училишните активности | Фотографии, присуство на родители, ученици и наставници, свечена атмосфера |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање избори и формирање на претседателството на организацијата | Да се запознаат членовите на училишната заедница со програмата за работа | Одговорни наставници, ученици | групна | X 2020 | Записник, програма | Усвојување и дополнување на програмата | Усвоена програма |
| Спроведување процедура за избор на ученички парламент | Изразување на сопственото мислење, давање идеи | Претседатели на паралелки, психолог | групна | X 2020 | Хартија, компјутер, записник | Изготвена годишна програма за Ученичката организација | Изготвен записник |
| Спроведување работилница (во улилиште или *online*) | Изборот на темата ја прават учениците | Ученици, психолог, наставници | групна | X 2020 | Записник | Запознавање со избраната тема | Изработки од учениците |
| Разгледување на правилникот за педагошки мерки | Да се вклучат учениците во дефинирањето на критериумите на педагошките мерки | Ученици, одговорни наставници | групна | XI 2020 | Хартија, компјутер, записник | Правилник изготвен по мерки на учениците | Записничка книга на училишната заедница, изготвен правилник |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на квалификационите периоди | Да се клучат учениците во грижа за успехот и поведението на ниво на училиште | Психолог, претседатели на паралелки | групна | XI 2020 | Записник | Анализа на постигањата, дискусија, предлози за подобрување | Изготвена програма за помош на послабите ученици |
| Спроведување работилница (во улилиште или *online*) | Изборот на темата ја прават учениците | Ученици, психолог, наставници | групна | XI 2020 | Записник | Запознавање со избраната тема | Изработки од учениците |
| Украсување на училниците и училиштето | Да се вклучат учениците во креативно украсување на учениците | Ученици, одговорни наставници | групна | XII 2020 | Новогодишни украси и рачни изработки на учениците | Разубавување на просторот за пречекот на Новата година | Записничка книга на училишната заедница, фотографии |
| Спроведување дебата (во улилиште или *online*) | Изборот на темата ја прават учениците | Ученици, психолог, наставници | групна | XII 2020 | Записник | Запознавање со избраната тема | Изработки од учениците |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на квалификационите периоди | Да се клучат учениците во грижа за успехот и поведението на ниво на училиште | Психолог, претседатели на паралелки | групна | I 2020 | Записник | Анализа на постигањата, дискусија, предлози за подобрување | Изготвена програма за помош на послабите ученици |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на полугодишен извештај за реализираните активности во првото полугодие од учебната 2020/2021 година | Да се разгледаат реализираните активности во првото полугодие од учебната 2020/2021 година | Ученици, одговорни наставници | група | II 2021 | Хартија, компјутер | Запознавање на училиштето со работата на Училишната заедница | Полугодишен извештај за работата на училиштето, записничка книга |
| Спроведување работилница (во улилиште или *online*) | Изборот на темата ја прават учениците | Ученици, психолог, наставници | група | II 2021 | Записник | Запознавање со избраната тема | Изработки од учениците |
| Работилница за меѓуетничка толеранција и разбирање (во улилиште или *online*) | Да се развие свеста кај учениците за меѓуетничката толеранција и разбирање | Психолог, претседатели на паралелките | група | III 2021 | Хартија, ЛЦД, презентација | Да се развие свеста кај учениците за меѓусебна толеранција и разбирање | Записник, фотографии |
| Спроведување дебата (во улилиште или *online*) | Изборот на темата ја прават учениците | Ученици, психолог, наставници | група | III 2021 | Записник | Запознавање со избраната тема | Изработки од учениците |
| Организирање хепенинг | Да се договорат учениците за реализација на хепенинг | Ученици, одговорни наставници | група | IV 2021 | Изготвени анкети | Развој на претприемачки вештини и подигање на повисока свест за општествено-корисна работа кај учениците | Реализиран хепенинг, фотографии, записник |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на калификационите периоди | Да се клучат учениците во грижа за успехот и поведението на ниво на училиште | Психолог, претседатели на паралелки | група | IV 2021 | Записник | Анализа на постигањата, дискусија, предлози за подобрување | Изготвена програма за помош на послабите ученици |
| Поставување писмени прашања и давање свои размислувања за одредени работи и случувања во училиштето | Изнесување на мислењето на учениците, кои не можат јавно да се изнесат за одредени проблеми или ситуации | Одговорни наставници, ученици | група | V 2021 | Ливчиња за прашања | Подобрување на училишната клима за работа и подобрување на однос наставник-ученик и/или ученик-наставник | Извештај и анализа на добиени одговори |
| Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на калификационите периоди | Да се клучат учениците во грижа за успехот и поведението на ниво на училиште | Психолог, претседатели на паралелки | група | V 2021 | Записник | Анализа на постигањата, дискусија, предлози за подобрување | Изготвена програма за помош на послабите ученици |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување дебата (во улилиште или *online*) | Изборот на темата ја прават учениците | Ученици, психолог, наставници | групна | V 2021 | Записник | Запознавање со избраната тема | Изработки од учениците |
| Изготвување на извештај за работата на Ученичката заедница, предлози за следната учебна година | Да се разгледаат сите активности на ученичката заедница | Ученици, одговорни наставници | групна | VI 2021 | Хартија, компјутер | Годишен извештај за работа на училиштето, записничка книга | |

Забелешка: Темите за работилниците и дебатите се од областите Здравје, Однесување, Поведение, Слободно време, ефектите од Он-лајн настава

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Тимот за изработка на програмата за екскурзии, излети и настава во природа го сочинуваат:

1. Мишела Николовска Милеска – директор
2. Дончо Лозановски – предметен наставник
3. Мартина Симоновска – одделенски наставник

Во продолжение следуваат програмите за екскурзиите, излетите и наставата во природа:

**Програма за тридневна екскурзија за IX одделение**
**низ западниот дел на Република Северна Македонија**

**ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА**

Општинското основно училиште „Кузман Јосифовски-Питу“ -Скопје, со учениците од деветто одделение во учебната 2020 / 2021 година, планира да изведе тридневна екскурзија низ Република Северна Македонија во месец мај 2021 година.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА :**

- Систематизирање на стекнатите знаења и емотивно доживување на минатото и природните убавини преку набљудување и посета на културно-историски споменици, верски објекти и музеи;
- Стекнување нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и манастири во западниот дел на Република Северна Македонија;
- Оживување и приближување на минатото создавајќи љубов и почит кон него;
- Почитување на однапред поставените правила при патување, запознавање на редот и дисциплината, хигиенските навики, точноста, уредноста и друго;
- Да се развијат патриотските чувства и чувство на припадност кон својата земја;
- Да се поттикне развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита;
- Едукација, другарување, рекреација и спортски активности;

- Воспоставување, развивање и негување пријателство.

**ЗАДАЧИ:**

Тридневна екскурзија треба да обезбеди:

1. Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности во западниот дел од Република Северна Македонија;
2. Градење чувства за толеранција, рамноправност и соживот;
3. Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
4. Да се развие интерес за природата и градење на еколошки навики;
5. Да се развие социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
6. Да се развие интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
7. Да се поттикнат и манифестираат позитивни емоции.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**:

- Утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина;
- Посета, набљудување, запознавање и фотографирање на објектите и предметите;
- Прибирање податоци и материјали карактеристични за секој објект;
- Запознавање со културните традиции на нашата татковина;

**Учесници на екскурзијата :**

- Наставници – одделенски раководители во деветто одделение
- Учениците од деветто одделение

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Тридневна екскурзија со две ноќевања

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО:**

Место на поаѓање: пред училиште
Време на поаѓање: 08:00 часот
(Учениците да бидат на местото на поаѓање во 07:30 часот)

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Екскурзијата ќе биде финансирана од родителите на учениците, кои ќе учествуваат во истата. Плаќањето ќе биде на три рати.

Во договор со одбраниот понудувач за реализација на екскурзијата, ќе се разгледуваат поволностите, кои можат да им се понудат на учениците од социјално загрозените семејства, деца без родители и деца на паднати бранители, како и други случаи.

**ПЛАН ЗА ПАТУВАЊЕ:**

ДЕН 1

Поаѓање во 08:00 часот од Скопје. Патувањето ќе го организираат, водат и надгледуваат одделенските раководители на трите паралелки како и предвидениот водич и медицинското лице од страна на избраната туристичка агенција. Во текот на целото патување, присутните наставници ќе ги запознаваат учениците (преку интерактивна соработка, поставување прашања, истражување, набљудување и сл.) со попатните културно-историски и географски знаменитости, значајни личности на полето на литературата, историјата и музиката од соодветни региони, различни дијалекти, земјоделски култури, различен начин на живеење и домување, потенцирање на употребата на странски јазици во одредени институции и локации. Во утринските часови е тргнување од Скопје по што се оди кон градот Тетово и попатно

учениците ќе се запознаат со Шарената џамија една од знаменитостите на градот.Потоа преку Гостивар се упатуваат кон манастирот Св.Јован Бигорски при што се разгледува и се запознаваат со неговата историска вредност и значење.Потоа се продолжува покрај Дебарското езеро до Струга по што се стигнува во Вевчани каде што учениците се запознаваат со надалеку познатите Вевчански извори. Во вечерните часови пристигнување и сместување во хотелот во Охрид.

ДЕН 2
По појадокот во 09:00 часот тргнување кон местата предвидени за посета и при тоа се посетува Самоиловата тврдина еден од белезите на градот Охрид. По нејзиното разгледување се посетува локалитетот Плаошник при што се запознават со неговото значење. По напуштањето на локалитетот се оди во посета на црквите Св.Јован Канео и Св.Софија.Враќање во хотелот за ручек и пладневен одмор.Во попладневните часови покрај брегот на езерото се разгледува пристаништето, а преку прошетка се стигнува до Билјанините извори. Враќање во хотелот за вечера и одмор. По вечерата се организира диско забава во локална дискотека во организација, координација и надзор на одделенските раководители.

ДЕН 3
По утринскиот договор и појадок во градот Охрид посета на Стариот град и Античкиот театар. Во 14:00 на ручек во хотелот и тргнување кон Скопје со посета на.Битола каде учениците се запознаваат со историјата на градот, а се посетува и локалитетот Хераклеа. Тргнување за Скопје во попладневните часови. Попатно сумирање и разговор за импресиите и впечатоците од посетеното и виденото во последните три дена, како и коментари и забелешки.

**Стручен тим:**

**Николовска Милеска Мишела** — **Директор** ____________________
**Лозановски Дончо** — **Раководител на стручниот тим** ______________
**Плетварска Гордана** — **Предметен наставник** _________
**Симоновска Мартина** — **Одделенски наставник** _________

**Реализатори на екскурзијата:**

Гордана Плетварска- одделенски раководител во 9-1-раководител на екскурзијата
Тања Нанкова - одделенски раководител во 9-2.
Јулијана Митреска –одделенски раководител на 9-3 одделение

**Програма за дводневна екскурзија за VI одделение**
**низ источниот дел на Република Северна Македонија**

**ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА**

ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“- Кисела Вода, Скопје, со учениците од VI одделение во учебната 2020/2021 година, планира да изведе дводневна екскурзија низ Република Северна Македонија, во периодот на месец мај 2021 година.

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ** на екскурзијата за учениците се:
- Систематизирање на стекнатите знаења и емотивно доживување на минатото и шриродните убавини преку набљудување и посета на културно-историски споменици, верски објекти и музеи;

- Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и манастири во источниот дел на Република Северна Македонија;
- Оживување и приближување на минатото создавајќи љубов и почит кон него;
- Почитување на однапред поставените правила при патување, запознавање на редот и дисциплината, хигиенските навики, точноста, уредноста и друго;
- Да се развијат патриотските чувства и чувство на припадност кон својата земја;
- Да се поттикне развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита;
- Едукација, другарување, рекреација и спортски активности;
- Воспоставување, развивање и негување пријателство.

**ЗАДАЧИ:**
Дводневната екскурзија треба да овозможи:
1. Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности во источниот дел од Република Северна Македонија;
2. Градење на чувства за толеранција, рамноправност и соживот;
3. Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
4. Да се развие интерес за природата и градење на еколошки навики;
5. Да се развие социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
6. Да се развие интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
7. Да се поттикнат и манифестираат позитивни емоции.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**
- Утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина;
- Посета, набљудување, запознавање и фотографирање на објектите и предметите;
- Прибирање податоци и материјали карактеристични за секој објект;
- Запознавање со културните традиции на нашата татковина;

**Учесници** во екскурзијата:

**8.** Наставниците – одделенски раководители во шесто одделение
**9.** Учениците од шесто одделение

**Времетраење** на екскурзијата: Дводневна ексурзија со едно ноќевање во Струмица

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО:**
Место на поаѓањето: пред училиште
Време на поаѓање: 8:00 часот
(учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот)

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**
Екскурзијата ќе биде финансирана од родителите на учениците, кои ќе учествуваат во истата. Плаќањето ќе биде на три рати.

Во договор со одбраниот понудувач за реализација на екскурзијата, ќе се разгледуваат поволностите, кои можат да им се понудат на учениците од социјално загрозените семејства, деца без родители и деца на паднати бранители, како и други случаи.

**ПЛАН ЗА ПАТУВАЊЕ**

| **ДЕН 1**<br>Поаѓање во 08:00 часот од Скопје. Патувањето ќе го организираат, водат и надгледуваат одделенските раководители на трите паралелки како и предвидениот водич и медицинското лице од страна на избраната туристичка агенција. Во текот на целото патување, присутните наставници ќе ги запознаваат учениците (преку интерактивна соработка, поставување прашања, истражување, набљудување и сл.) со попатните културно-историски и географски знаменитости, значајни личности на полето на литературата, историјата и музиката од соодветни региони, различни дијалекти, земјоделски култури, различен начин на живеење и домување, потенцирање на употребата на странски јазици во одредени институции и локации.<br>Прошетката започнува со посета на Виничкото кале, потоа продолжува кон градот Берово, каде учениците ќе го посетат Беровското езеро и Манастирот „Св. Архангел Михаил".<br>Пристигнување во Струмица во вечерните часови и сместување во хотел. По вечерата се организира диско забава во локална дискотека во организација, координација и надзор на одделенските раководители. |
|---|
| **ДЕН 2**<br>По појадокот следи посета на Колешинските водопади и Смоларските водопади. Враќање на ручек во хотелот со краток попладневен одмор и поаѓање за Скопје<br>Тргнување за Скопје во попладневите часови. Попатно сумирање и разговор за импресиите и впечатоците од посетеното и виденото во последните два дена, како и коментари и забелешки. |

За време на екскурзијата, учениците ќе имаат воспитно – образовни активности и истовремено ќе реализираат и разновидни слободни активности.

**Стручен тим:**

**Мишела Николовска Милеска** **Директор** ____________________
**Лозановски Дончо** **Раководител на стручниот тим** ______________

**Симоновска Мартина** **Одделенски наставник** _________
**Реализатори на екскурзијата:**

- Одделенските раководители во шестите одделенија
**Катерина Љотевски** - класен раководител на VI-1
**Гордана Ристеска** -- класен раководител на VI-2
**Андреја Стојанов** -- класен раководител на VI-3

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ ВО ПРОБИШТИП

### Планирање и организација

ООУ„Кузман Јосифовски-Питу" – Кисела Вода – Скопје со учениците од III одделение во учебната 2020/21 година планира да изведе еднодневна екскурзија во Пробиштип во месец мај 2021 година.

**1.ГЛОБАЛНА ЦЕЛ НА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА:**
Наставно – научната екскурзија има за цел:

- Запознавање и откривање на убавините на Република Македонија;
- Запознавање со културно- историски знаменитости и индустриски капацитети;
- Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- Запознавање со природното наследство;
- Развој на љубопитност, просторно ориентирање и соработка;
- Почитување на културните традиции;
- Почитување на знаењата и искуствата на возрасните;
- Воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- Почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство;
- Љубов кон татковината.

**2.ЗАДАЧИ**
Преку реализацијата на задачите , ќе се реализираат конкретните цели кои се поставени во оваа програма.

- Стекнување на знаења кои ќе имаат понатамошен тек и практична примена во животот;
